| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Елементи и принципи во графиката; средства и техники за печатење (линија, контраст, текстура, форма, композиција, отпечаток, длабење, валјак, матрица, графички лист, картон-печат, графика, монотипија, колографија, гипсорез, линорез) | • Користи различни средства за печатење, одделно и во комбинација.<br><br>• Создава графички отпечаток со монотипија и колографија | 1 | **Воведна активност-активирање на предзнаењата**<br><br>Насочување на разговорот за доживувањеформата и отпечаток на различни предемти и текстури.<br>Учениците се поделени во 2 групи  1. група Учениците креираат подлога за печатење со употреба на техниката Колографија 2.групатехниката Монотипија<br><br>**Главна активности-искуствено учење**<br>**1.група учениците** На пластична или картонска подлога се налепуваат материјали со различни текстури (конец, волница, ткаенини, листови, пердуви, шмиргла, песок и сл.) со цел да се добие композиција која ќе биде составена од различни нагласени структури. На добиената површина се нанесува боја која потоа се печати на хартија, при што се нагласуваат формите со текстура и контраст.<br>**2. група** Учениците печатат графички листови со помош на техниката Монотипија. На пластична подлога претходно со боја за печатење учениците со четка сликаат мотив на апстрактна слика или одреден правец во модерната уметност, според претходни упатства и модели прикажани од наставникот. Подготвената подлога се печати на хартија, при што се креира композиција на елементи од различни форми, креирање на единство на елементи и хармонија<br>**Завршна активност-извлекување заклучоци**<br>Презентација и анализа на начинот на кој беа применети двете техники и споделување на искуство<br>**Рефлексија** | Аудиовизуелни средства<br><br>Средства за печатење | Усни одговори,<br><br>практични активности,<br><br>изработка на ликовни творби,<br><br>заеднички творби,<br><br>ангажирање на учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Се води дискусија по прашањата:1.Што правевме денеска? Како се чувствувавте? Што научивте? Како можеме наученото да го искористиме во секојдневниот живот? | | |

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Елементи и принципи во графиката; средства и техники за печатење (линија, контраст, текстура, форма, композиција, отпечаток, длабење, валјак, матрица, графички лист, картон-печат, графика, монотипија, колографија, гипсорез, линорез) | • Користи различни средства за печатење, одделно и во комбинација.<br><br>• Печати со користење на техниката гипсорез/линорез. | 1 | **Воведна активност-активирање на предзнаењата**<br><br>Насочување на разговорот за доживувањеа отпечатокот, принципите на графиката: Учениците се воведуваат во техниката Линорез и гипсорез преку кратко видео презентирање две групи<br><br>**Главна активности-искуствено учење**<br><br>• Учениците изработуваат графика во две или повеќе бои со техниката 1. група Линорез/ 2. група гипсорез. За секоја боја ученикот треба да изработи засебна графичка подлога. Печатењето се врши редоследно според претходно изработен цртеж на зададена тема Пејзаж или Мртва природа или претходно изработено дело од наставната единица Сликање. Наставникот дава насока да се создаде плошна композиција со нагласување на контрастот на бои.<br><br>**Завршна активност-извлекување заклучоци**<br>Презентација и анализа на начинот на кој беа применети двете техники и споделување на искуство<br><br>**Рефлексија**<br>Севоди дискусија по прашањата:1.Што правевме денеска? Како се чувствувавте? Што научивте? Како можеме наученото да го искористиме во<br>секојдневниот живот? | Аудиовизуелни средства<br><br>Средства за печатење | Усни одговори,<br><br>практични активности,<br><br>изработка на ликовни творби,<br><br>заеднички творби,<br><br>ангажирање на учениците |

resursi.literatura.mk

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| • Елементи и принципи во графиката; средства и техники за печатење (линија, контраст, текстура, форма, композиција, отпечаток, длабење, ваљак, матрица, графички лист, картон-печат, графика, монотипија, колографија, гипсорез, линорез) | • Користи различни средства за печатење, одделно и во комбинација<br><br>• Применува разновидни плошни форми и текстури од текстил во ликовната техника Картон-печат.<br><br>• Користи едноставен графички знак или декоративен елемент во печатењето | 1 | **Воведна активност-активирање на предзнаењата**<br>Насочување на разговорот за доживувањеа отпечатокот, принципите на графиката: Учениците се воведуваат во техниката шаблон/ сито печат преку кратко видео презентирање Поделени во две групи<br>Шаблон/ситопечат и Картон печат<br><br>**Главна активности-искуствено учење**<br>Учениците изработуваат графика во две или повеќе бои со техниката Шаблон/ситопечат. За секоја боја ученикот треба да изработи засебна графичка форма на шаблон. Печатењето се врши редоследно според претходно изработен цртеж на зададена тема Дрво или претходно изработено дело од наставната единица Сликање. Притоа, наставникот дава насока дека при создавањето плошна композиција се нагласува контрастот на бои и се применуваат разновидни плошни форми и текстури од текстил во картон-печатот<br><br>**Завршна активност-извлекување заклучоци**<br>Презентација и анализа на начинот на кој беа применети двете техники и споделување на искуство<br><br>**Рефлексија**<br>Севоди дискусија по прашањата:1.Што правевме денеска? Како се чувствувавте? Што научивте? Како можеме наученото да го искористиме во<br>секојдневниот живот? | Аудиовизуелни средства<br><br>Средства за печатење | Усни одговори,<br><br>практични активности,<br><br>изработка на ликовни творби,<br><br>заеднички творби,<br><br>ангажирање на учениците |